29116

12748,

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Вторник 20 јули 1982 год. ● стр. 9

ВЕЧЕР ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Изложба на современиот британски цртеж

**● Пред отворањето на изложбата, во 17,30 часот ќе биде одржан разговор со Глигор Стефанов ,вториот учесник во „Интервенциите во простор".**

Во организација на Британскиот совет од Белград и Музејот на современата уметност, од Скопје, вечер во 19 часот во Музејот, аташето за култура на Британскиот совет, Мек Гра и претседателот на Одборот за ликовна уметност при Републичката комисија за културни врски со странство, Драган Бошнакоски, ќе ја отворат изложбата под наслов „Современ британски цртеж".

Дваесет и двата англиски уметника, застапени со 90 цртежи од сите техники ќе ни го претставаат развојот на оваа дисциплина во рамките на целокупната ликовна уметност во периодот од последните 15 години во Британија. Норберт Линтон во предговорот за оваа изложба ќе нагласи дека нивните дела не се само одраз на националната уметност, туку исто толку индивидуални сфаќања во уметноста пошироко. Иако е можеби невозможно да се понуди една вистински репрезентативна изложба, додава тој, зашто најдобрите примероци во еден или повеќе различни правци се создаваат како „дневни" вредности. Она што може човек да направи во вакви случаи е да ги обедини различните дела доволно силно што би ги покажал и индивидуалните активности и доминантните дострели на времето.



**Џереми Мун: Цртеж 73/1971**

Пред отворањето на оваа изложба, во 17,30 часот, вториот уметник кој учествува во акцијата на Музејот озаглавена како „Интервенции во просторот", Глигор Стефанов, ќе одржи разговор со проекција на дијапозитиви на кој ќе ја објасни постапката во градењето на својот објект во слободниот простор пред зградата на Музејот.

(С. Ѓ.)